РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
АГЕНЦИЈА ЗА АУДИО И АУДИОВИЗУЕЛНИ МЕДИУМСКИ УСЛУГИ

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISE SE VERIUT
АГЕНЦИЈА ЗА АУДИО И АУДИОВИЗУЕЛНИ МЕДИУМСКИ УСЛУГИ
AGJENCIA PER SHERBIME MEDIATIKE AUDIO DHE AUDIOVIZUELE

Број: / Numer: 03-1951/1
18.04.2024 година / viti
СКОПЈЕ - SHKUP

До: ДРЖАВНА ИЗБОРНА КОМИСИЈА

Предмет: Дневен извештај на Агенцијата

Агенција за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги

ул. Македонија бр.38
1000 Скопје

Почитувани,

Врз основа на обврските од член 76-в став 2 од Изборниот законик, а во согласност со Меморандумот склучен меѓу нашите институции на 04.02.2016 година, Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги го доставува дневниот извештај за **17.04.2024 година.**

Во него Ве информираме дека на сите радиодифузери им беше испратен допис со потсетување на обврската за известување за изборната кампања за Парламентарните избори според принципот на пропорционалност. Во дописот беше потенцирано дека радиодифузерите се должни да обезбедат избалансирано покривање на изборите во согласност со принципот на пропорционалност според бројот на потврдени листи на кандидати за пратеници и дека од нив се очекува да обезбедат избалансираност во известувањето за време на изборната кампања, а не во секоја одделна дневно-информативна емисија или во секоја посебна информативна програма. Дописот е достапен на веб страницата на Агенцијата www.avmu.mk

Агенција за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги
Директор,

д-р Зоран ТРАЈЧЕВСКИ